**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**
**Бр. 16-10855/1**
**12.12.2014 година**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и бр.51/11) и член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06 и бр. 115/07,19/08, 82/08,10/10, 51/11, 15/13 и 139/14), генералниот секретар на Владата на Република Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот и постапката за обезбедување на ВИП услуги на аеродроми при службени патувања на претседателот и членовите на Владата на Република Македонија

Член 1

Со овој правилник се уредуваат начинот и постапката за обезбедување на ВИП услуги на аеродроми при службени патувања на претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, и тоа: претседателот на Владата на Република Македонија, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и министрите без ресор задолжени за странски инвестиции, потенцијалните сериозни инвеститори кои патуваат во Република Македонија на иницијатива на министрите без ресор, како и гости поканети од Владата на Република Македонија, согласно заклучоци донесени од Владата на Република Македонија.

Член 2

За остварување на ВИП услуги на аеродромите се поднесува барање за одобрување на ВИП услуги до Генералниот секретар или овластено лице од страна на Генералниот секретар, врз основа на претходно одобреното барање за службено патување.

Како прилог кон барањето за одобрување на ВИП услуги на аеродром, се доставува и пополнет Формулар за користење на ВИП или ЦИП услуги од аеродромите на територија на Република Македонија.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува најдоцна три дена пред денот на патувањето.

Член 3

Барањето за користење на ВИП – услуги на аеродромите се одобрува и потпишува од страна на Генералниот секретар или овластено лице од страна на Генералниот секретар.

Член 4

Доколку функционерот од членот 1 на овој правилник користи ВИП услуги без добиено одобрение согласно член 3 од овој правилник, Генералниот секретаријат ќе изврши одбивање на средства од платата на функционерот во износ од средствата за користената ВИП услуга.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на потпишувањето и се објавува на огласната табла на Генералниот секретаријат.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

Кирил Божиновски

*Образец 1 - Барање за одобрување на ВИП услуги*

ДО: Генерален секретар на Владата на Република Македонија

**БАРАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВИП и ЦИП УСЛУГИ**

Од:_______________________________________________________________поради

службено патување во ____________________________________________________,

на ден________________, барам да ни се одобри користење на “primeclass” ВИП и ЦИП

услуги, на аеродром _______________________________________________________.

Во прилог на Барањето Ви доставувам:

- резервација на ВИП билети,

- пополнет формулар за користење на “primeclass” ВИП и ЦИП услуги.

____________ ________________________________________

(Место и датум) (Подносител на Барањето или од него овластено лице)